Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Врз основа на член 44 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19) и член 17 став 3 в.в со став 1 од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.274/19 и 186/20), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29.12.2022 година донесе

**Д Е Л О В Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА Д Е Л О В Н И К О Т**
**ЗА РАБОТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на РСМ" бр. 274/19 и бр.186/20) во членот 10 став 3, точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и по запирката се додаваат зборовите: "а при промена на околностите, во салата за седници редоследот на седење на членовите на Советот може да се измени."

Член 2

Членот 28 се менува и гласи:

„Член 28

(1) Судијата или претседателот на судот, против кого се води постапката за утврдување на одговорност доколку барал нивни претставник да учествува на седницата може да го извести Здружението на судии на Република Северна Македонија (член 61 став (4) од Законот за Судски совет). Судскиот совет го известува судијата или претседателот на судот, против кого се води постапка, најмалку 7 дена пред седницата на Советот (член 65 став 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ). Кога барањето за присуство на претставник на Здружението на судии на Република Северна Македонија е доставено најмалку три работни дена пред денот на одржувањето на седницата на Судскиот совет, Судскиот совет го известува Здружението на судиите на Република Северна Македонија за датумот на одржување на седницата (преку е-пошта, телефонски повик или на други начини).

(2) Седницата на Судскиот совет се одржува без оглед на присуството на претставник на Здружението на судии на Република Северна Македонија. По

барање на судијата или претседателот, претставникот може да пристапи на седницата во секое време и без претходна покана. Ако претставникот пристапи во текот на започнатата седница за време на расправата по точката од дневен ред за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, седницата нема да започне од почеток.

(3) Ако барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд не ги содржи личните податоци за адреса и место на живеење (член 62 став (1) од Законот за Судски совет), Советот како имател на тие лични податоци ќе постапи по барањето доколку подносителот на барањето достави доказ дека се обидел да ги обезбеди тие лични податоци.

(4) На расправата по барањето се поканува и подносителот на барањето. Ако подносителот на барањето уредно поканет не дојде на расправата на Комисијата, а изостанокот не го оправда, расправата на Комисијата ќе се одржи. Сите докази доставени од страна на судијата или претседателот на судот се доставуваат на увид и до подносителот на барањето.

(5) Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд може да се прецизира до завршување на расправата на Комисијата.

(6) Доколку со едно барање се бара одговорност на повеќе судии или претседатели на судови, се води единствена постапка и се донесуваат поединечни одлуки. Доколку е поведена постапка за одговорност на повеќе судии или претседатели на судови со едно барање, Комисијата на известители, ако постојат оправдани причини, може да ја раздвои постапката, а ако тие причини повеќе не постојат, може повторно да ја спои. Доколку за ист судија има поднесено повеќе барања за утврдување на одговорност по кои постапката е во иста фаза, Комисијата на известители која прва примила барање може да одлучи поради целесообразност и економичност постапката да се спои, да се води единствена постапка и Советот да донесе единствена одлука.

(7) Постапката за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд се смета за поведена од денот кога Советот ќе донесе одлука за продолжување на постапката.

(8) Секој учесник во постапката сам ги поднесува своите трошоци."

Член 3

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесување, а се објавува во "Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб -страницата на Советот.

**Бр.01-40/1**
**09.01.2023 год.**
**Скопје**

**Судски совет на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател,**
**Весна Дамева**